51818






# Смешен свет

**_Скопје по 35-ти пат е домаќин на Светската галерија на карикатури. На оваа престижна меѓународна манифестација годинава се пристигнати приближно 500 карикатури од околу 250 карикатуристи од 41 земја од светот._**

**_За годинешново издание на Светската галерија на карикатури, за трендовите во карикатурата како и за состојбите во македонската карикатура, за ПУЛС говори главниот и одговорен уредник на списанието за хумор и сатира „Остен", Димитар Чудо_**



**ПУЛС: Што ќе ја одбележи оваа 35-та по ред Светска галерија на карикатури што ја организира Остен"?**

**ЧУДО:** Како и претходните години, така и оваа, голем број автори од целиот свет зедоа учество во Светската галерија на карикатури. Пристигнати се околу 500 карикатури од над 250 автори од 41 земја. Тоа е импозантен број кој со мали осцилации бил присутен и во минатите изданија на Светската галерија. Учесниците се од сите светски меридијани: Куба, Колумбија, Израел, Кина, Иран, земјите на бивша Југославија,

⇒






Бугарија, Турција, Полска, Русија, Украина, САД, Австралија и др.

**ПУЛС: Дали ова издание на Галеријата има определена тема за која цртаа карикатуристите ?**

**ЧУДО:** Годинешнава Светска галерија како и неколкуте пред тоа нема определена тема. Во првите неколку години од одржувањето на Галеријата се одбираше по една тема, меѓутоа се дојде до заклучок дека така се ограничуваат авторите и се повторуваат во идеите. Сега темата е слободна и се вика „Моја тема", што значи дека авторите сами избираат на која тема ќе биде нивната карикатура. Но, сепак, од пристигнатите творби, може да речам, дека претежно преовладуваат карикатури за мирот-против војната и уништувањето, како и оние што го третираат проблемот со загадувањето на човековата околина и нејзиното зачувување. Значи, сè она што е актуелно во животот во современиот свет, тоа е отсликано и преку карикатурите.

**ПУЛС: Како би го вреднувале одѕивот на кандидатите, квалитетот на карикатурите?**

**ЧУДО:** Квалитетот, како и секоја година, е на едно врвно светско ниво. Кај нас учествуваат најдобрите карикатуристи од светот, бидејќи Скопската галерија за карикатури важи за една од петте најекспонирани и најважни манифестации од овој жанр во светот. Со самото учество и со добивање награда на оваа Галерија, името на авторот веќе има креативен бекграунд.

**ПУЛС: Што би можело да се констатира како тренд во светот на карикатурите и каде се македонските карикатуристи на тој план?**

**ЧУДО:** Слободно може да се каже дека македонската карикатура и македонските карикатуристи спаѓаат во водечките автори на светски план. Не е ни случајно што Светската галерија на карикатури е отворена токму во Скопје и што за неа има толку големо интересирање кај странските автори. Инаку, трендот во светот на карикатурите може да се сведе и по темите коишто ги спомнав претходно, а тоа е од жанрот што се опфаќа како тема претежно миротпротив војната и зачувување на човековата околина. Инаку, може да се каже дека се следи и трендот во техниката на создавање на карикатурите. Во последно време има карикатури кои се работени на компјутер, боени на компјутер, но меѓу карикатуристите повеќе се цени она што е работено рачно. Така, сепак, се зачувува автентичноста на авторот. Друго е кога се работи со помагала-тоа може да го изработи кој било, а поинаку кога е изработено своерачно.

**ПУЛС: Како ги оценувате состојбите во македонската карикатура денес?**

**ЧУДО:** Состојбите во македонската карикатура денес сметам дека се катастрофални. За жал, она што беше пред 30-ина, пред 20 или пред десет години сега е во многу лоша ситуација затоа што пред сè, весниците кои сега постојат, а кои се во многу поголем број од порано, речиси никој не обраќа внимание кон карикатурата. Многу малку е присутна карикатурата во дневните, па и во периодичните списанија. А штом нема каде авторот да објави, тогаш автоматски му се сечат крилата на творештвото. Освен тоа, слаба е и материјалната страна, бидејќи речиси никој не плаќа за трудот што го вложил авторот, така што може да се рече дека останавме само оние карикатуристи коишто бевме пред 20-30 години. Нови имиња нема, за жал, по нас ќе згасне и карикатурата во Македонија, а таа беше една од водечките во светски рамки.







**ПУЛС: Како да се мотивираат младите автори?**

**ЧУДО:** Многу е лесно да се мотивираат, но во време кога гаснат фабрики, претпријатија итн., перспектива не гледам. Можеби изгледам песимистички, но сметам дека треба да се вреднува трудот, да се има каде да се објави, за тоа да се добива соодветен хонорар итн., со тоа автоматски ќе има и автори.

*Г. Томовски* □